Финансирано од Европска Унија

ЕУ со ТЕБЕ

ЦЕНТАР ЗА ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА И АНАЛИЗИ
CENTER FOR LEGAL RESEARCH AND ANALYSIS

20 години МЗМП

ДОКУМЕНТ ЗА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ

# УЛОГАТА НА СУДСТВОТО И ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО ВО СИСТЕМОТ НА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ И ПРАВОТО НА ПРИВАТНОСТ



*Игор Кузевски, Експерт за заштита на лични податоци*

# СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ

Предизвици за судовите и обвинителствата во Македонија

# СОГЛЕДУВАЊЕ – АКТУЕЛНА СОСТОЈБА

- Сигурноста и тајноста на личните податоци, како и почитувањето и заштитата на приватноста на граѓаните на РС Македонија се слободи и права кои се гарантираат со Уставот
- Агенцијата за заштита на личните податоци е главниот промотор и заштитник на овие права
- Имајќи предвид дека станува збор пред сè за Уставно загарантирани човекови права и слободи, нивната заштита покрај од Агенцијата, во значителна мера и најмалку еднакво зависи и од судовите и јавните обвинителства

# СОГЛЕДУВАЊЕ – АКТУЕЛНА СОСТОЈБА

- Познавање не само на правото, туку и се́ повеќе разбирање на новите технолошки решенија, како и свест за ризиците кои постојат при обработката на личните податоци
- Судиите и јавните обвинители (правниците), се́ повеќе треба да бидат и „информатичари“. Денес во Европа и светот во оваа област, се́ повеќе се зборува за една нова професија, модерно, иако сеуште неформално, наречена „IT Lawyer“, односно „правник – информатичар“
- Со брзиот технолошки развој не треба да се дозволи да се предизвика кршење или ограничување на човековите права и слободи

# СОГЛЕДУВАЊЕ – АКТУЕЛНА СОСТОЈБА

- применатa на информатичко – комуникациските технологии треба да биде на начин што ќе обезбеди дека нема да бидеме „принудени“ да избираме помеѓу ефикасниот и ефективен развој од една страна и заштитата на личните податоци и правото на приватност како основни човекови права и слободи од другата страна, бидејќи објективно може да ги постигнеме и двете
- На судовите и обвинителствата е да го постигнат токму ова:

- баланс, помеѓу почитувањето и заштитата на личните податоци и правото на приватност vis-à-vis
- современиот технолошки развој

# ПРЕПОРАКИ

- **Вклучување на АЗЛП во целиот процес**

Најпрво и најмалку што може да се направи е да се обезбеди проактивна и редовна комуникација на судовите и јавните обвинителства со Агенцијата за заштита на личните податоци. Притоа, иницијативата секогаш треба да биде од страна на самите судови и обвинителства со споделување на предизвиците и непосредна комуникација со Агенцијата. На овој начин ќе се обезбеди континуирано зголемување на свеста кај сите вработени во правосудните органи. Тоа секако ќе биде преку споделување на сопствени и меѓународни искуства од страна на Агенцијата со сите релеватни информации од областа на заштитата на личните податоци.

# ПРЕПОРАКИ

**Обуки**

- една од надлежностите на Агенцијата е спроведување на обуки
- обука за обучувачи на офицерите за заштита на личните податоци. На овој начин ќе се постигне самоодржливост и предвидливост во рамките на судовите и обвнитествата, а со тоа и ниво на свест кај сите вработени кои што се вклучени во операциите на обработка на личните податоци
- преку курикулумите на Академијата на судии и јавни обвинители може да се воспостават обуки на редовна основа со цел судиите и обвинителите да се стекнуваат со знаења, умеења и вештини соодветни на модерното современо време на обработка на личните податоци. Тука секако можат да се користат и експертските капацитети обезбедени преку домашна и/или меѓународна поддршка.

# ПРЕПОРАКИ

**Мапирање на процесите за обработка**

- Идентификација на процесите на обработка на лични податоци

чекор што ќе обезбеди информации за:

- законскиот основ за чување и обработка
- рокот и причините за чување
- категориите на лични податоци
- категориите на субјекти на личните податоци
- како и каде примарно во рамки на конкретен суд или обвинителство се чуваат и обработуваат податоците

# ПРЕПОРАКИ

Управување со ризикот

Анализа на ризик која треба да опфати:

- список (преглед) на сите процеси со кои се врши обработка на лични податоци;
- процена на ризиците за секој процес на обработка на лични податоци;
- спроведување и проверка на планираните мерки; и
- спроведување на периодични безбедносни проверки.

# ПРЕПОРАКИ

Документирање на процесите

- Политики и процедури за заштита на лични податоци
- Опис на технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци

# ПРЕПОРАКИ

Оценување и ажурирање

- Редовна евалуација и ажурирање на документацијата
- Применување на најнови технологии.

# ЗАКЛУЧОК

- Постигнување на соодветна заштита на лични податоци
- Минимизирање на ризиците и заштита на правата на граѓаните

„The only limit to our realization of tomorrow will be our doubts of today. Let us move forward with strong and active faith.“

„Единствените ограничувања за нашето остварување утре, се нашите сомнежи денес. Да одиме напред со силна и активна верба во себе“

Franklin D. Roosevelt

